**Јавен повик бр. 01/092013**

**1. Набавувач**

1.1. Набавувач: Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово

**2. Предмет на набавка**

2.1**.** Комплетен инженеринг по концептот „ клуч на рака” за реализација на замена на технологија за греење, поточно, замена на нафта со био маса (пелети). Ова подразбира адаптација на котларата за инсталирање на котли на Био Маса со приклучок на постоечката топловодна инсталација. Котлите на Био Маса ќе се користат за производство на топлина за загревање на сите објектот на Универзитетот на ЈИЕ (УЈИЕ).

**Спецификација на барањата:**

- ЛОТ 1 Изработка на основен проект со предмер
- ЛОТ 2 Пресметка за набавка, инсталирање, тестирање, пуштање во работа на целокупната опрема која е дел од предметот како и изработка на префизибилити студија
- ЛОТ 3 Понуда за снабдување на пелети за минимален гарантиран период на испорака од 5 години

Лотовите се неделиви, така да финаснсиската понудата треба да содржи поединечни цени за трите лота но во евалуацијата ќе влезе конечната цена која е сума на понудите од трите поединечни лота.
Какао прилог на финансиската понуда , понудувачите обавезно треба да изработат ИДЕЈНО РЕШЕНИ кое ќе биде важен елемент во процесот на евалуација, при избор на најповолен понудувач.

УЈИЕ го задржува правото , во процесот на одлучување , доколку е потребно , да побара дополнителни информации од одреден број на конкуренти за кои смета дека се интересни. Воедно УЈИЕ го задржува правото исто така да побара дополнителни измени на спецификацијата или цените доколку смета дека со тоа ќе се зголеми квалитетот на понудата.
УЈИЕ го задржува правото, доколку смета дека е потребно да изврши измена на понудената временска рамка за имплементација на поедичните лотови , во смисол да ја одложи реализацијата на одреден лот за некој временски период.

**Спецификација на проектаната задача**

Универзитетот на Југоисточна Европа е изграден во 2001 година , како кампус тип на објекти со бруто површина под градба која изнесува 29 000 м². Од термички аспект оваа површина е поделена на две индивидуални целини:

- Објектот на Ректоратот со бруто површинакоја изнесува околу 5 000 м²,
- Остатокот на градбите на ЈИЕУ со површина од 24 000 м².

Двете целини имаат засебен , незвисен ситем на греење т.е има две котлари , првата е котлара во објектот на ректоратот која го снабдува објектот на Ректоратот со топлинска енергија и втората централна котлара која го снабдува остатокот на кампусот со топлинска енергија.

Помеѓу двете котлари , кои се на растојание од околу стотина метри постои цевна инсталација за топла врска, но истата е реализирана до самите објекти, не е финализирана со комплетем спој.

1. **Објектот Ректорат**

   Од вкупната површина на Ректоратот 5 000 м², површината која се грее изнесува 3900 м². Остатокот од површината отпаѓа на тераси , приоди , кои термички не се третираат. Во досегашната експлоатација , како генератори на термичка енергија се користат чилер (воздух/вода) кој во летниот период ја обезбедува ладилната енергија но во есенскиот и пролетниот период се користи и како систем кој обезбедува топлинска енергија. Во зимскиот период, исклучиво целото производство на топлинска енергија се потпира на 2 (два) котла на нафта сместени во интерната котлара на Ректоратот. Котлите се со инсталирана моќност од 2x350 kW . Досегашната пракса покажува дека и во најладните периоди од годината, исклучиво , термичките загуби на обејктот биле покривани само со ангажирање на еден од котлите т.е. со ангажирање на максимална моќност од 350 kW. Вториот котел стои како резерва и потенцијал за евентуални проширувања на објектот кои беа предвидени во 2007 година но не се реализираа. Така да во пресметкте треба да се земе мокноста на едниот котел.

2. **Остаток на градбите на кампусот**

   Остатокот на објектите на кампусоот (училници, студентски домови, амфитетатри, ресторан, факултети ...) се снабдуваат со топлинска енергија од централната котлара каде се инсталирани три котли и тоа 2x650 kW и 1x400 kW . Во текот на грејната сезона во годината, генерално работат првите два котли со оптеретување од околу 80% , додека третиот се вклучува исклучиво по потреба, во шпицовите на сезоната и се оптеретува не повеќе од 80%. Времетраењето на шпицовите во тек на една сезона може да се земе дека трае околу 18% од грејната сезона.

Концептот на користење на Био Маса предвидува инсталирање на котли со детерминирана моќност кои како основен енергенс ќе користат Био маса во вид на Пелети и кои ќе треба да се инсталираат во централната котлара. Воедно треба да се предвиди реализација на финализирање на комуникацијата за топла врска помеѓу двете котлари со што објектот на Ректоратот ќе стане дел од topловодната мрежа со остатокот на објектите. Котлите ќе треба да бидат димензионирани со толкава моќност за да ги задоволат потребите на сите објекти на кампусот вклучитечно и објектот на Ректоратот. Практично со ова решение сите објекти на кампусот ќе бидата снабдувани со топлинска енергија од централната котлара.

Котлите на Пелети ќе треба да бидат поврзани на постоечката топловодна инсталација, без да се наруши интегритетот на инсталираните котли на нафта и на останатата пратечка опрема (собирници , декарбонизатори, буфер, бојлер).
Како интегрален дел на котлите на пелети треба да се предвиди и Дневен Резервоар за пелети со дефиниран капацитет. Покрај дневниот резервоар, ќе треба да се предвиди и главен резервоар за Пелети кој треба да биде со дефиниран капацитет за акумулација на пелети , за период од минимум три недели. Главниот резервоар ќе се изгради од надворешната страна на котларата, со комуникација преку полжавест транспортер да го храни Дневниот резервоар од котелот по потреба. При проектирање на Главниот резервоар треба да се предвиди , истиот да се полни со директен истовар на пелетите од камион со можност на кипање . Тоа значи дека висината на зидот не смее да е поголема од висината на приколката на киперот во услови на максимален отклон на кипање. Главниот резрвоар може да биде вкопан во земја , делумно или во целост. Поради одржување на сувоста на пелетите , главниот резервоар треба да е високо термички изолиран од сите страни , вклучително и капакот кој треба да го содржи. Треба да се предвиди и реализација на пристапна патека за камиони или друг облик на превозни средства која ќе води до главниот резервоар.

Треба да се предвиди, автоматика на целиот процес со цел инволвираноста на човечкиот фактор во регулацијата на параметрите на системот да биде минимална. Да се предвиди етернет комуникција со надворешноста во смисол да сервисерите на опремата, добавувачите на горивото и внатрешните служби имаат можност за мониторинг на сите параметри на системот. Деталите за барањата на системот за регулација посебно ќе бидат дискутирани со добитникот на тендерот.

**ЛОТ 1**

Проектот треба да содржи:

- Техничка анализа со која ќе се детерминира потребната инсталирана моќност на котлите со кој би се покриле потребните термички загуби на објектот
- Димензии и диспозиција на котлите со пратечките елементи (Дневен резервоар, термички комуникации , електрични елементи, цевка за

одводни гасови) , како и начинот на приклучување на постоечката инсталација.

- Детален приказ на главниот резрвоар со сите димензии и пресметки , употребен материјал за изградба на истиот , типот на изолација, начин на затварње на капакот . Поради подобро истекување на пелетите , главниот резервоар во долниот дел треба да е конусесто изведен со што би се превенирало загушување (затестување) на пелетите при транспорт до Дневниот резервоар.
- Детален приказ и димензии на комуникацискиот канал помеѓу главниот резрвоар и дневниот резрвоар , полжавестиот транспортер и електро моторот.
- Предмер на опремата по основниот проект

**ЛОТ 2**

Оставена е можноста да при изборот на тип на опрема , поединечна моќност на елементите како и прозиводител на истата, понудувачите сами да дадат предлог. Битно е да се нагласи дека понудата треба поединечно и детално да ги опише :

- Типот на опремата
- Модел на опремата
- Производител на опремата
- Поединечна моќност ( за ставките за кои е потребно)
- Количина ( изразена во парчиња)
- Единечна цена по парче
- ДДВ ( процентуално и вредносно)
- Вкупна цена по позиција
- Период на реализација на целиот проект

Во цените треба да се вклучени сите трошоци – транспорт, царина, работна рака за инсталирање на опремата.

Практично , решението треба да биде предвидена да се реализира по принципот „клуч на рака" , со сите потребни елементи (финализирање на топлата врска помеѓу двете котлари, инсталирање на котлите на био маса и поврзување на постоечката мрежна инфраструктура, тестирање на сите елементи , монтажа на сезонски резервоар за пелети , изработка на врските за транспорт на пелетите помеѓу сезонскиот и дневниот резервоар,изработка на софтветскиот пакет со кој ќе се автоматизира целиот процес, обука на песроналот за користење на опремата итн.) .

Понудувачите се должни во понудата , експлицитно , да го опишат начинот на монтажа на сите елементи од решението. Притоиа треба да се земе во предвид , дека сите елемнти на решението ќе треба да се реализирааат во веќе постоечка котлара со свои димензии. Треба да бидат предвидени сите евентуални измени на зидовите на котларата во случај да се јави потреба од поголем простор за инсталирање на котлите и останатата опрема.

Пре физибилити студијата , треба индикативно да ја покаже оправданоста на инвестицијата во смисол на очекувана финансиска заштеда на годишно ниво преку која ќе се дефинира времето на враќање на инсветицијата. Како влезен параметар при изработката на студијата да се земе дека УЈИЕ на годишно ниво троши околу 200 000 литри нафта за греење со дефинирана цена од 57 денари/литар.

**ЛОТ 3**

- Пресметката треба да ја соджи количината на пелети кои се очекува дека целиот систем ќе ги конзумира во една гтејна сезона.
- Цена на 1 (еден) тон пелети франо УЈИЕ
- УЈИЕ го задржува правото , за позициите од ЛОТ 3 дополнително да разговара со добитникот на тендерот за евентуални измени на цените.

2.2. Предметот на набавка не е делив.

2.3. Повикот е отворен, со право на учество на сите домашни и странски економски оператори регистрирани за дејноста која е предмет на набавката.

2.4. Поради специфика на локацијата, исклучиво е важно, сите заинтересирани пред да ја подготват понудата да дојдат на лице место и да ги согледаат реалните локациски услови со кои ќе се соочат при подготовка на проектот.

Лице за контакт во врска со техничките прашања:
Дарко Спировски /+389 78 344 899 /d.spirovski@seeu.edu.mk

Сите кандидати во период на подготвување на понудата имаат право непречено да вршат посета на локацијата (котлара) секој ден во период од 08:00 до 16:00 часот, да вршат потребни мерење и било кој друг тип на анализи со цел квалитетно подготвување на понудите. Воедно можат да се јавуваат телефонски или преку маил со цел информирање за специфичните технички детали на проектот.

**3. Обем на набавката и подигање на тендерска документација.**

3.1. Обемот и видот на набавката е даден во тендерската документација.

3.2. Повеќе детали во врска со јавниот повик може да добиете преку е-пошта: procurement@seeu.edu.mk

**4. Содржина на понудата**

4.1. Понудата треба да содржи име, адреса, седиште на понудувачот, број на жиро сметка, даночен број и банка депонент.

- Понудената цена треба да биде изразена со основните три компоненти и тоа: нето Цена (изразена во денари) , ДДВ-то (изразена во денари), вкупна цена (изразена во денари). Вкупната цена треба да биде изразена како збир на нето ценaта и ДДВ-то.

- Понудувачот треба да достави писмена изјава, своерачно потпишана и печатирана со печат на фирмата, со која потврдува дека вкупната понудена цена е конечна цена во која се вклучени сите давачки како и ДДВ-то и дека нема да отстапува од истата цена во периодот на важноста на понудата.

- Потврди (сертификати) издадени од надлежни органи, организации или други правни лица за контрола на квалитет со кои ќе се потврди сообразноста на производот;

4.2. Понудата треба да биде пополнета во формуларот, во прилог на веб страницата на Универзитетот.

4.3. Доколку како понудувач се јави домашен или странски економски оператор, понудата треба да биде преведена на албански јазик или македонски јазик, а цената може да се изрази и во друга (конвертибилна) валута која се пресметува според курсната листа на Народна банка на Република Македонија (среден курс), што се применува на денот на отварање на понудите.

4.4. Понудата треба да содржи рок и начин на плаќање – само еден недвосмислено дефиниран.

4.5. Понудата треба да има рок на важност 120 дена.

**5. Документација која понудувачот ја приложува кон понудата и со која ја докажува својата финансиска и економска способност.**

- Документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Македонија (за економски оператор), за дејноста за која ја доставува својата понуда;
- Дозвола од надлежен орган за работење (дејност) на економски оператор;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај;
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација;
- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност-Потврда од Централен регистар на Република Македонија;
- Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки.
- Писмена изјава дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничкка организација, корупција, измама или перење пари;

Горенаведените документи не смее да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

Странски економски оператор ги доставува горенаведените документи издадени од соодветни институции од странство.

Другите документи издадени од соодветни институции од странство и на странски јазик треба да бидат преведени на албански или македонски јазик и заверени на судски преведувач.

Понудите кои не ги содржат горенаведените документи ќе се сметаат за некомплетирани и нема да се разгледуваат.

**6. Документи со кои понудувачот ја докажува својата техничка способност.**

- Овластувања за вработените издадени од страна на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија;
- Понудувачот теба да поседува минимум, Лиценца за Проектирање на градби од втора категорија
- Доколку понудувачот не поседува сопствени лиценци или овстувања , може да ангажира , фирма подизведувач која поседува такви документи
- Доколку е ангажиран подизведувач за одредена фаза од барањата на јавниот повик , понудувачот , треба да приложи договор за соработка со подизведувачот ккао и реферници на подизведувачот со кој ја гарантира стручноста на истиот
- Список на вработени со титулар на нивната стручност
- Изјава со која гарантира дека во постпродажниот период ќе обезбеди 24 часовен отворен сервис во случај на повик од страна на инвеститорот

**7. Критериуми за избор на најповолен понудувач по сите точки од точката 3. Предмет на набавката**

- Квалитет на идејното решение;
- Цена;
- Гаранција;
- Квалитет на одржување во постпродажба;
- Препораки;
- Начин и рок на плаќање;
- Рок на испораката.

Врз основа на горенаведените критериуми се избира најповолната понуда.

**8. Начин и рок на доставување на понудите**

Понудувачот треба да ја достави понудата во еден оригинален примерок со наведена ознака „Не отворај", кој треба да биде потпишан од страна на одговорното лице на понудувачот. Во затворениот плик треба да има уште два затворени пликови. Едниот затворен внатрешен плик да ја содржи понудата и наведена ознака „Понуда" а пак другиот плик ја содржи потребната документација и наведена ознака „Документација" и точната адреса на понудувачот.

Понудите кои не ги содржат сите податоци назначени во повикот, односно кон кои не е приложена бараната придружна документација, ќе се сметаат за некомплетирани и нема да се разгледуваат.

Рокот на доставување на понудата е најдоцна до 18.10.2013 година до 16:00 часот.

Понудите што ќе се доставаат по истекот на наведениот рок нема да бидат разгледувани.

Понудите може да се достават по пошта на адреса: Универзитет на Југоисточна Европа, „Илинденска" бр. 335, 1200 Тетово или да се предаде во архивата на Универзитетот на ЈИЕ, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

**9. Завршни одредби**

9.1. Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Јавниот повик нема да се разгледуваат.